20260170235

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 став (1) од Законот за енергетска ефикасност (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20, 110/21, 236/22, 147/24, 74/25 и 193/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 јануари 2026 година, донесе

# УРЕДБА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА НИВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат целите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија за периодот до 2030 година.

Член 2

(1) Целите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија, се однесуваат на енергетска заштеда во потрошувачката на примарна или финална енергија или енергетскиот интензитет, како и на вкупната потрошувачка на примарна или финална енергија или енергетскиот интензитет.

(2) Целите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија се утврдуваат во согласност со мерките и политиките за енергетска ефикасност утврдени со Законот за енергетска ефикасност (*), Стратегијата за развој на енергетиката, Интегрираниот национален план за енергија и клима, севкупните цели и придонеси за енергетската ефикасност утврдени од страна на Енергетската заедница, како и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија.

Член 3

Целите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија се утврдуваат на следниот начин:

1) енергетската заштеда во потрошувачката на примарна енергија до 2030 година се утврдува на 34,5% во однос на потрошувачката на примарната енергија во 2021 година,

2) енергетската заштеда во потрошувачката на финална енергија до 2030 година се утврдува на 20,8% во однос на потрошувачката на финалната енергија во 2021 година,

3) горната граница на потрошувачката од точка 1) на овој член во однос на вкупната потрошувачка на примарната енергија до 2030 година се утврдува на 2,3 милиони тони еквивалент на нафта и

4) горната граница на потрошувачката од точка 2) на овој член во однос на вкупната потрошувачка на финална енергија до 2030 година се утврдува на 2 милиони тони еквивалент на нафта.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 57-1154/6
27 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.